**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 февруари 2019 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1,2] (ОФИ): четврт квартал на 2018 година

- **Состојбата на вкупните средства на ОФИ, на крајот од четвртиот квартал од 2018 година, изнесува 104.188 милиони денари, што претставува зголемување за 12.137 милиони денари во однос на крајот на претходната година.** Структурата на средствата на ОФИ укажува дека пензиските фондови и натаму имаат најголемо учество во вкупните средства од 63,3%, а по нив следуваат средствата на осигурителните друштва со учество од 21,8%.

- Во четвртиот квартал на годината, стапката на раст на вкупните средства на ОФИ изнесува 0,4%, на квартална основа. Ова остварување упатува на забавена квартална динамика, што произлегува од намалувањето на средствата на пензиските и инвестициските фондови во последниот квартал од годината. **Средствата на ОФИ се повисоки за 13,2% на годишно ниво,** со најголем придонес кон растот на средствата на пензиските фондови, а позитивно придонесоа и другите потсектори.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[3]

| | кв. 4 2017 | кв. 3 2018 | Кв.4 2018 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.4 2018/Кв.3 2018 | | Кв.4 2018/Кв.4 2017 | | |
| | *Состојби, во милиони денари* | | | *милиони денари* | *%* | *милиони денари* | *%* | *%* |
| **1. Останати финансиски институции** | **92.051** | **103.768** | **104.188** | **420** | **0,4** | **12.137** | **13,2** | **100** |
| 1.1 Осигурителни друштва | 21.099 | 22.517 | 22.763 | 246 | 1,1 | 1.664 | 7,9 | 21,8 |
| 1.2 Пензиски фондови | 58.239 | 66.109 | 65.941 | -168 | -0,3 | 7.702 | 13,2 | 63,3 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 5.305 | 6.466 | 6.173 | -293 | -4,5 | 868 | 16,4 | 5,9 |
| 1.4 Други ОФИ | 7.408 | 8.676 | 9.312 | 636 | 18,3 | 1903 | 72,5 | 8,9 |
| 1.4.1 Финансиски друштва | 2.269 | 2.761 | 2.994 | 234 | 8,5 | 725 | 32,0 | 2,9 |
| 1.4.2 Друштва за лизинг | 3.976 | 4.592 | 4.974 | 383 | 8,3 | 998 | 25,1 | 4,8 |
| 1.4.3 Друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови | 1.163 | 1.324 | 1.343 | 20 | 1,5 | 180 | 15,5 | 1,3 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

[2] Во август 2018 година е направена ревизија на податоците за првиот квартал на 2018 година заради примена на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година. Клучни се две промени. Првата се однесува на промената на третманот на финансиските инструменти деноминирани во денари со валутна клаузула, коишто согласно со новата методологија од категоријата „денари“ се прераспределени во категоријата „странска валута“. Втората промена е во прикажувањето на исправката на вредноста на финансиските инструменти, којашто наместо во капиталот се прикажува во рамки на категоријата „останати обврски“. За повеќе информации види на следнава врска:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf.

[3] За потребите на ова соопштение, во категоријата „Други ОФИ“ се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг (точка 1.4 од табелата).

- **Од гледна точка на структурата на средствата на ОФИ,** должничките и сопственичките хартии од вредност[4], како најзначајни инструменти, заедно учествуваат со 67,6%, додека во структурата на обврските преовладуваат техничките резерви на осигурување[5] и капиталните сметки[6] со збирно учество од 91,8%.

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв.4 2018

| | **Вкупно ОФИ** | | **Пензиски фондови** | | **Осигурителни друштва** | | **Инвестициски фондови** | | **Други ОФИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **состојба (во мил. ден.)** | **учество (во %)** | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **104.188** | | **65.941** | | **22.763** | | **6.173** | | **9.312** | |
| Валути и депозити | 18.976 | **18,2** | 8.472 | 12,8 | 6.224 | 27,3 | 3.312 | 53,7 | 968 | 10,4 |
| Хартии од вредност различни од акции | 48.068 | **46,1** | 37.679 | 57,1 | 8.444 | 37,1 | 1.284 | 20,8 | 660 | 7,1 |
| Кредити | 6.374 | **6,1** | 0 | - | 161 | 0,7 | 21 | 0,3 | 6.192 | 66,5 |
| Акции и останат сопственички капитал | 22.398 | **21,5** | 19.731 | 29,9 | 1.067 | 4,7 | 1.549 | 25,1 | 50 | 0,5 |
| Технички резерви на осигурување | 1.151 | **1,1** | 0 | - | 1.151 | 5,1 | 0 | - | 0 | 0,0 |
| Финансиски деривати | 1 | - | 0 | - | 0 | - | 1 | - | 0 | 0,0 |
| Останати средства | 4.374 | **4,2** | 58 | 0,1 | 4.049 | 17,8 | 5 | 0,1 | 261 | 2,8 |
| Нефинансиски средства | 2.847 | **2,7** | 0 | - | 1.667 | 7,3 | 0 | - | 1.180 | 12,7 |
| **Вкупни обврски** | **104.188** | | **65.941** | | **22.763** | | **6.173** | | **9.312** | |
| Кредити | 5.080 | **4,9** | 0 | - | 88 | 0,4 | 15 | - | 4.977 | 53,5 |
| Технички резерви на осигурување | 63.363 | **60,8** | 50.546 | 76,7 | 12.817 | 56,3 | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 3.449 | **3,3** | 35 | 0,1 | 1.949 | 8,6 | 64 | 1,0 | 1.402 | 15,1 |
| Капитални сметки | 32.297 | **31,0** | 15.360 | 23,3 | 7.909 | 34,7 | 6.094 | 98,7 | 2.933 | 31,5 |

Извор: НБРСМ.

- Годишниот раст на средствата на ОФИ, **анализирано по инструменти,** главно произлегува од зголемувањето на валутите и депозитите, при дополнителен позитивен придонес и на вложувањата во должнички и сопственички хартии од вредност. На страната на обврските на ОФИ, главен двигател на растот на годишна основа се техничките резерви на осигурување.

[4] Должничките хартии од вредност (ДХВ) се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиски инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.
[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).
[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва и вредносните приспособувања.







Извор: НБРСМ.

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- **Вкупните средства на пензиските фондови (задолжителни и доброволни)** заклучно со декември 2018 година остварија негативна квартална промена од 0,3%. Надолната промена во целост се објаснува со пониската состојба на сопственичките хартии од вредност во нивното портфолио. Споредено на годишна основа, средствата на пензиските фондови се зголемени за 13,2%, што претставува забавување на растот во однос на 2017 година. Притоа, најголем придонес кон годишниот раст во 2018 година имаат валутите и депозитите, при помал придонес и на вложувањата во должнички и сопственички хартии од вредност. На страната на обврските, кварталната промена во целост е одраз на намалување на капиталните сметки, додека годишната промена пред сè се должи на зголемените технички резерви на осигурување.




Извор: НБРСМ.

- **Вкупните средства на осигурителните друштва**[7], во декември 2018 година, забележаа квартален и годишен раст од 1,1% и 7,9%, соодветно. Од аспект на инструментите, најголем придонес кон порастот на квартална и годишна основа имаат валутите и депозитите и вложувањата во должнички и сопственички хартии од вредност. На страната на обврските, кварталниот раст  произлегува од капиталните сметки и техничките резерви на осигурување, додека годишниот раст во најголем дел се објаснува со капиталните сметки.



Извор: НБРСМ.

- **Вкупните средства на инвестициските фондови**[8], по растот во претходните три квартали, во последниот квартал од 2018 година се намалени за 4,5%. Падот главно произлегува од вложувањата во должнички хартии од вредност и валути и депозити. На годишна основа, средствата на инвестициските фондови растат со 16,4%, нешто побавно во однос на 2017 година. Највисок индивидуален придонес кон растот имаат валутите и депозитите, при дополнителен позитивен придонес и на вложувањата во сопственички хартии од вредност. На страната на обврските, кварталниот и годишниот раст во целост е резултат на зголемените капитални сметки.



Извор: НБРСМ.

---

[7] НБРСМ тековно ја известуваат сите шеснаесет осигурителни друштва коишто се вклучени во регистарот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), од кои единаесет за неживотно осигурување и пет за животно осигурување.
[8] Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), тековно се опфатени петнаесет отворени и пет приватни инвестициски фондови, при што НБРСМ ја известуваат деветнаесет фондови.

- Во декември 2018 година, **вкупните средства на другите ОФИ**[9,10,11], се повисоки за 7,3% на квартална основа и 25,7% на годишна основа, поради порастот на одобрените кредити од страна на финансиските и на друштвата за лизинг. На страна на обврските, кварталниот и годишниот раст во најголем дел произлегува од зголемените обврски врз основа на кредити.



Извор: НБРСМ.

[9] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг. Во податоците тековно се опфатени деветнаесет финансиски друштва и седум друштва даватели на финансиски лизинг.
[10] Во четвртиот квартал на 2017 година во сериите податоци е вклучено ново финансиско друштво (штедилница којашто се пререгистрира во финансиско друштво), промена којашто има влијание врз годишните стапки на промена.
[11] Заклучно со третиот квартал на 2018 година во сериите на податоци се вклучени три нови друштва за управување со инвестициски фондови.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

## Ревизии на податоци

Покрај ревизиите направени во првиот квартал на 2018 година заради примена на нова методологија, податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари – септември 2018 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

## Придружни информации

Временски серии податоци: Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiskite-institucii---kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_statistika_18_01_2018_mak.pdf

Информација за методолошки измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 31 мај 2019 година (референтен пресек заклучно со првиот квартал на 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).